РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1930/6
17-10-2024 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-1930/1 од 16.07.2024 година, оформен во врска со објавени информации за патувањето на синот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како негов придружник на официјалното патување во САД, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1930/1 од 16.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Во јавноста беа објавени информации за патувањето на -----------, син на ------------------, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на официјалното патување во САД. Интересот на јавноста беше насочен кон тоа во кое својство синот на претседателот на Владата бил дел од државната делегација при оваа посета и дали патувал на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

Во врска со овие информации, Државната комисија за спречување на корупцијата на состанок на колегиум одржан на 15.07.2024 година, донесе заклучок во Одделението за спречување на корупцијата да се оформи предмет

по сопствена иницијатива. Предметот е оформен и заведен под број 12-1930/1 од 16.07.2024 година.

Со цел проверка на информациите објавени во јавност, Државната комисија до Владата на Република Северна Македонија достави барање за доставување на податоци и информации бр.12-1930/2 од 16.07.2024 година и барање дополнителна документација бр. 12-1930/4 од 26.08.2024 година, за доставување на целокупната документација за реализираното патување: официјална покана, патни налози за членовите на делегацијата и друга финансиска и останата придружна документација, како и образложение за тоа дали придружното лице било член на државната делегација за посетата на САД и во кое својство тоа лице било на официјалното патување.

Во законски утврдениот рок, доставена е целокупната финансиска и друга документација, односно решенија за службеното патување, патни налози на учесниците на делегацијата, финансиска документација за авио билетите и хотелското сместување за членовите на делегацијата, документација за авио билети и сместување на ---------------. Од увид во документацијата утврдена е следната фактичка состојба:

На 10.06.2024 година од North Atlantic Treaty Organization (Организација на НАТО) била доставена покана за учество на државна делегација од РСМ на НАТО Самитот, во Вашингтон, САД, од 09 до 11 јули 2024 година. Државната делегација, согласно утврдениот број на учесници во поканата, ја сочинувале вкупно 21 лице претставници од: Канцеларијата на Претседателот на Владата, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Амбасадата на РСМ во Вашингтон и Постојната Делегација на РСМ во НАТО.

По завршувањето на НАТО Самитот, дел од делегацијата (9 членови), од 11 – 14 јули 2024 година, била на работна посета во Њујорк, додека останатите членови на делегацијата се вратиле во Скопје. При патувањето на релацијата Вашингтон – Њујорк, членовите на делегацијата користеле јавен превоз, за што е приложена заедничка електронска сметка.

Видно од документацијата, резервацијата на авиобилетите била извршена со посредство на Службата за општи и заеднички работи на Владата а по барање на Канцеларијата на Претседателот на Владата и министерствата кои имале претставници во делегацијата. Резервацијата се однесува на лицата наведени во списокот на учесници во делегацијата (вкупно 21 лице). Во овој список на лица не е наведено името на синот на Претседателот на Владата, --------------, односно за него не се резервирани авиобилети преку Службата за општи и заеднички работи на Владата. За наведеното лице доставени се авиобилети за реализираното

патување на релација Скопје – Вашингтон и Њујорк – Скопје, за чие плаќање приложени се фискални сметки од извршена уплата во готово.
Исто така доставена е и документација која се однесува на хотелското сместување на лицата од делегацијата (наведени со име и презиме) во Вашингтон и хотелското сместување во Њујорк. Во однос на сместувањето на синот на премиерот, доставени се две фактури, кои гласат на име -----------, за сместување во Вашингтон (за периодот од 06 до 11 јули 2024 година) и сместување во Њујорк (за периодот од 11 до 13 јули 2024 година), на кои стои печат PAID (платено). Од приложените фактури се констатира дека ова лице не престојувало во хотелите каде била сместена државната делегација, туку во апартманско сместување и истите не се фактурирани на име на делегацијата на РСМ, како што е случајот со фактурите за хотелско сместување на државната делегација, туку гласат на име на физичкото лице - -----------------.
Во образложението доставено во прилог на документацијата наведено е дека лицето ----------------, не било дел од официјалната државна делегација на НАТО Самитот во Вашингтон и дека истиот не присуствувал на ниту еден официјален состанок или средба која се одржала во рамките на НАТО Самитот, туку единствено присуствувал на предавањето кое го одржал неговиот татко, Претседателот на Владата на РСМ на Универзитетот Џон Хопкинс, по упатена покана од страна на Универзитетот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување по оформениот предмет, од причина што ДКСК по извршената проверка не утврди прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно не утврди користење на буџетските средства за приватни цели, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р В.З, Виш соработник
Контролирал м-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: З.Б, Член на ДКСК